Организација на работодавачите на Македонија-ОРМ
Бр. 0302-8
23.01.2025 год.
СКОПЈЕ

ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА
ORGANISATION OF EMPLOYERS OF MACEDONIA

До

Министерство за внатрешни работи

Министер

Г-дин Панче Тошковски

**Предмет: Изјаснување по Предлог-Законот за вработување на странци**

Почитуван,

Имајќи ги предвид целите наведени во Извештајот за процена на регулативата:

"Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и имаат за цел усогласување со Закон за утврдување на Јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (Делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија.

Целта на предложените измени е олеснување на законските услови во однос на постапката за добивање на привремен престој заради работа генерално и посебно, во однос на странец кој работи на стратешки проекти утврдени со посебен закон."

Во контекст на предложените измени би сакале да го искоментираме делот во член 3 од измените, односно член 83 став 2 од постоечкиот закон, каде се предвидува воведување на гаранција која ја доставува правното лице кое има намера да вработи странец, во вид на писмена изјава, заверена на нотар, со која правното лице гарантира за трошоците за престојот и присилното отстранување на странецот од територијата на Република Северна Македонија, како и трошоците за евентуалниот престој и сместување на странецот, доколку тие не можат да се наплатат од странецот.

По извршените консултации со членките на Организацијата на работодавачи на Македонија, кои се од приватниот сектор, сакаме да го изразиме нашиот став дека сметаме дека таква гаранција би требало да се бара само за правни субјекти со статус на стратешки партнер затоа што тие, согласно новиот член 83-а немаат обврски да бараат мислење од Агенцијата за вработување. Бидејќи останатите компании , согласно членот 89 од Законот за странци имаат обврски за добијат мислење од Агенцијата и да доставаат докази дека имаат обезбедено сместување кое обезбедува соодветен животен стандард за времетраење на неговиот престој, сметаме дека за нив не треба да важи обврската за таква гаранција.

Организација на работодавачи на Македонија
Organisation of Employers of Macedonia

Работодавачот нема никаква вина ако странецот самоволно престане да престојува во просториите кои му ги обезбедил работодавачот и престане да доаѓа на работа, ако се вработи кај друг работодавач или ја напушти земјата.

Затоа сметаме дека работодавачот не треба да гарантира за трошоци за сместување и присилно отстранување, ако странецот самоволно ја напушти работата, се вработи кај друг работодавач или замине од земјава.

Таквата обврска може да ја имаат само правните лица со статус стратешки партнер, затоа што тие немаат обврска да бараат мислење од Агенцијата за вработување и да ги доставуваат доказите од членот 89 од законот.

Претседател

Владанка Трајкоска